Република Северна Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"БУБА МАРА" на општина Аеродром во Градот
Бр. 04-302/6
30.01. 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) ВД Директорот на Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по објавен Јавен оглас број 1174/2025 за вработување на 1 јавен службеник од Група I, подгрупа II во Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром**

1. За извршител на работно место број 1. Советник-Секретар, Административен оддел, Административно помошно техничка служба, Административна служба и помошно технички и персонал, со шифра на работно место ДЕЗ0102В01001,се избира кандидатот **Ана Бошковиќ**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром, Агенцијата за администрација на ден 17.12.2025 година,на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Лајм" објави Јавен оглас за вработување на 1 (еден) јавен службеник во Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација,а во функција на спрведување на постапката за вработување по објавениот Јавен оглас број 1174/2025 на ден 08.01.2026 година во -11:00 часот, во просторите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција број 10-119/1 од 08.01.2026 година.

На ден 26.01.2026 година со почеток во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за административен службеник , за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-119/3 од 26.01.2026 година.

На ден 28.06.2026 година ,во 12:30 часот во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервјуто за што состави Записник број 10-119/4 од 28.01.2026 година.

По доставената Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, а согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работно место број 1 по Јавен оглас број 1174/2025 во Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром, број 10-119/6 од 29.01.2026 година, ВД Директорот на Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА на Општина Аеродром донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

Јавна установа за деца- Детска градинка БУБА МАРА
на Општина Аеродром

**ВД Директор**
**Цветанка Милкова**